| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето... |
| **Содржина на денот** | Кога е ден, а кога е ноќ<br>„Запознавање како настанува ден и ноќ, што е утро, пладне, вечер“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор како може да се заштитиме и да го чуваме нашето здравје: да се облекуваме потопло зошто времето е постудено, да јадеме здрава храна полна со витамини, да спортуваме, да се движиме на чист воздух (сл.1, сл.2, сл.3, и сл.4) |
| **Активности** | -Активностите може да ги започнете со разговор по слика (сл.1, сл.2, сл.3, сл.4), како настанува ден, а како ноќ, како препознаваме кога е ден, а кога ноќ, (денот го поврзуваме и објаснуваме со светлината, сонцето, односно со изгревањето и заоѓањето на сонцето, а ноќта ја поврзуваме со темнината, месечината, ѕвездите). Значи се менува постојано, изгрева сонцето настанува ден, заоѓа сонцето настанува ноќ и така започнува и завршува денот, а исто така и ноќта. (Кога изгрева сонцето стануваме и сме будни, а ноќе одмараме односно спиеме сл.5). Тука може да ги објасниме деловите од денот значи наутро се будиме, миеме, облекуваме и одиме во градинка, на пладне ручаме, одмараме, учиме или играме, навечер вечераме, се подготвуваме за спиење и спиеме. Секако сите денови не се исти, на пример за време на викенд не одиме во градинка, значи стануваме и го поминуваме времето со нашите најблиски (наутро стануваме, се миеме, појадуваме заедно, шетаме, играме, на пладне ручаме, одмараме дома, а навечер заедно читаме некоја интересна сликовница или го гледаме омилениот филм пред спиење.<br>Активноста може да ја завршиме со обработка на стихотворбата |

| | |
|---|---|
| | „Денови во неделата“- така ќе се запознаеме со деновите во неделата. (Тука родителот може да објасни дека секој ден во неделата има свое име, дека во една недела има седум дена и откако ќе заврши неделата повторно започнува нова и сл.).<br><br>**СЕДУМ ДЕНА- СЕДМИЦА**<br><br>Доаѓаат седум дена,<br>доаѓаат се на смена.<br>**ПОНЕДЕЛНИК** минува и проаѓа,<br>а по него **ВТОРНИК** доаѓа.<br>Штом вторник ќе си замине,<br>и **СРЕДА** ќе намине.<br>И за неа место нема,<br>**ЧЕТВРТОКОТ** и го зема.<br>Четвртокот ќе одлета,<br>а **ПЕТОКОТ** ќе долета.<br>И тој така ќе си оди,<br>па **САБОТА** ќе се роди.<br>По сабота е **НЕДЕЛА**,<br>ете таа е последна.<br>Еден до друг- така сите,<br>лесно ни минуваат дните.<br><br>Автор: Александар Кујунџиски |